Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

Бр. - 04-3487/2
од 08-04-2025 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2, став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Закон за административни службеници Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20,бр.215/21 и 99/22), и Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријава за унапредување, начинот на спроведување на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на РМ бр.11/15, бр.35/18 и бр.303/20), како и Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.08-5688/1 од 11.07.2016 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-665/1 од 26.01.2017, бр.04-1432/1 од 14.02.2017, бр.04-3660/1 од 10.05.2017, бр.04-1108/1 од 02.02.2018, бр.08-2724/1 од 21.03.2018, бр.04-10097/1 од 26.11.2018, бр.08-10459/2 од 06.12.2018, бр.04-2669/4 од 11.04.2019, бр.08-5677/1 од 16.07.2019, бр.08-6029/1 од 30.07.2019, бр.04-9375/1 од 27.11.2019, бр.04-110/1од 03.01.2020, бр.04-2073/1 од 25.02.2020, бр.04-3222/2 од 24.04.2020, бр.04-7565/1 од 20.10.2020, бр.04-8378/1 од 20.11.2020, бр.04-2075/1 од 04.03.2021, бр.04-2530/1 од 22.03.2020, бр.04-2495/1 од 19.03.2021, бр.04-3980/1 од 12.05.2021, бр.04-5890/1 од 12.07.2021, бр.04-9431/1 од 12.11.2021, бр.04-603/1 од 20.01.2022, бр.04-3506/1 од 06.04.2022, бр. 04-4638/1 од 10.05.2022, бр. 04-5360/1 од 01.06.2022, бр.04-9566/4 од 14.10.2022, бр.04-236/1 од 11.01.2023, бр.04-12269/2 од 29.12.2022, бр.04-1657/1 од 23.02.2023, бр.04-2832/1 од 31.03.2023, бр.04-3144/1 од 10.04.2023, бр.04-6165/1 од 01.07.2024, бр.04-7518/1 од 14.08.2024, бр.04-8154/1 од 06.09.2024, бр.04-9455/1 од 18.10.2024, бр.04-10583/1 од 29.11.2024, бр.04-11839/1 од 30.12.2024, бр.04-1704/1 од 19.02.2025, бр.04-2557/1 од 12.03.2025 Општина Кисела Вода, објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.04/2025**

за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Општина Кисела Вода

Општина Кисела Вода објавува Интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

**1. ИНС0101В02001 Самостоен комунален инспектор, Одделение за постапување по инспекциски работи и контрола во Сектор за инспекциски работи - 1 извршител**

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следниве услови:

**Општи услови:**

-да е државјанин на Република Македонија
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

а) **стручни квалификации** – Ниво на квалификации VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен:„ Високо образование"

**б) работно искуство:**
Најмалку 2 (две) години работно искуство по дипломирањето.

**в) општи работни компетенции на напредно ниво**:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- финансиско управување.

**г) посебни работни компетенции и тоа**:
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

**Распоред на работно време:**
- Работни денови: од понеделник до петок
- Работни часови: 40 часа неделно
- Работно време: од 08.00 часот до 16.00 часот

**Паричен нето износ на плата 37.289,00 денари**

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во Општина Кисела Вода, кој ги исполнува општите и посебните услови за

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

пополнување на работно место пропишани за соодветно ниво со Закон за административни службеници и во актот за систематизација, како и:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво, и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред одјавувањето на интерниот оглас.

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата, кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку архивата на Општина Кисела Вода до Секторот за управување со човечки ресурси и информатичка технологија, како и до службената електронска адреса coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk.

**Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на интерниот оглас.**
Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Секретарот на Општина Кисела Вода.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

**Напомена:** Кандидатот кој внел лажни податоци во Пријавата или кој ќе достави ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување и истиот се дисквалификува од натамошната постапка по овој оглас.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски

-----------------------------------

До: Сектор за управување со човечки ресурси
и информатичка технологија

**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**ПРИЈАВА**
**ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.____/2025**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Податоци за Огласот** | | | |
| Број на интерен оглас | | | |
| Реден број и назив на работното место за кое се пријавува | | | |
| **Лични податоци за кандидатот** | | | |
| Име и презиме | | | |
| Ниво и звање на административниот службеник/кандидатот во последните две години пред објавување на интерниот оглас | | | |
| контакт информации | | | |
| **Податоци за исполнување на условите за пополнување на работното место** | | | |
| Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС | | | |
| Вид на образование и насока | | | |
| Образовна институција | | | |
| Податоци за работно искуство | | | |
| Податоци за оценување во последните 3 години пред објавување на интерен оглас | **2022** | **2023** | **2024** |
| | | | |
| Податоци за нивото и звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас | | | |
| | | | |
| Податоци за изречена дисциплинска мерка 1 година пред објавување на интерниот оглас | ДА | НЕ | |
| Положен испит за административно управување | ДА | НЕ | |
| Дополнително ги доставувам и следните докази (потврда за успешно реализирани обуки/потврда за успешно реализирано менторство): | | | |

***Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во образецот за пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази во оригинал или копија заверена на нотар.***

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка.

административен службеник
име и презиме

_________________________________